РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-942/2
1?-08-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3070/1 од 24.11.2025 година, оформен по пријава со наводи со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на директорот ---- и други вработени лица во ЈЗУ ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Пријавата со документацијата да се проследи на натамошно постапување на други надлежни органи - Јавното обвинителство на РСМ, Министерството за внатрешни работи на РСМ, Министерство за здравство на РСМ и Фонд за здравствено осигурување на РСМ.

Предметот со број 12-3070/1 од 24.11.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 24.11.2025 година, поднесена е пријава со наводи со наводи за сомневање за незаконитисти во работењето на директорот ---- и други вработени лица во ЈЗУ ----, по која е оформен предмет број 12-3070/1 од 24.11.2025 година.

Наводите во пријавата укажуваат на сомневање за незаконитости во постапување на одговорното лице - директорот и други вработени лица во спомenатата здравствена установа, односно се укажува на организирана група на лекари, кои заедно со

директорот овозможуваат и преземаат активности во насока на закажување и вршење лекарски прегледи на пациенти надвор од работно време, во поладневните часови, за време на викенд денови или празник поради што медицинскиот персонал со месеци зема големи плати. во пријаватас е посочени лица со наводи за сомневање за поседување на фалсификувани дипломи за завршен степен на образование.
Истотака, во пријавата се наведува дека директорката на болницата овозможила незаконско исплаќање надоместоци на плата на вработени лица во болницата, самоволно определила дополнителни раководни функции без правна основа, незакониски дејствија и фаворизирање на правни субјекти во постапките за јавни набавки, незаконитости при избор на кандидати за вработување во постапките за вработување како и дека овозможила и толерирала остварување значително зголемени месечни примања на дел од вработените преку евидентирање прекувремена работа, дежурства и итни интервенции кои наводно не биле реално потребни, со цел неосновано зголемување на исплатите на товар на буџетските средства на болницата, а дополнително се наведува и дека дозволила вработување и извршување работни задачи спротивно на законски утврдените услови и постапки.

По разгледување на наводите во пријавата, а видно и од адресните податоци на самата пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што за проверка на наводите во пријавата потребно е примена на други мерки кои се во надлежност на други надлежни органи, па оттаму одлучи пријавата со документацијата да ги достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи на РСМ, Министерство за здравство на РСМ и Фонд за здравствено осигурување на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б., член на ДКСК